# Изложба на дела од ДЛУП

Во Ликовната галерија е отворена Годишната изложба на дела од ДЛУП (Друштво на ликовни уметници на Прилеп.

На изложбата,  од 6 мај до 19 мај 2022, изложени се дела од 27 прилепски уметници. (Методи Исков,  Маја Најдоска,  Елена Димоска,  Анита Сотироска,  Александар Џинго, Марта Макеска, Емил Солески, Емил Димоски, Бојана А.Трпческа, Александра Богоеска, Филип Пересски, Верче Николоска, Павлина Илијеска, Лепа Милошевска, Ферди Булут, Славчо Павлески, Марјан Стојаноски, Васил Костов, Дарко Талески, Давид Атанасоски, Атанас Атанасоски, Драган Верговски-Алпи, Михајло Ристески, Тони Трајковски, Златко Крстевски, Михаил Паскоски и Марија Ѓорѓијоска).

{AG}dlup2022{/AG}

-Одржувајќи го континуитетот  на неуморна ликовна креација, членовите  го промовираат најновото сопствено творештво. Членовите се претставуваат со творештво во различни техники и материјали преку кои ја прикажуваат својата страст. Културата е нешто што треба да има континуитет  и одржување  за да може да се пренесе на идните генерации. Па затоа преку уметноста се надевам дека ќе оставиме белег кој ќе биде од општествено и културно значење – вели Методи Исков, претседател на ДЛУП.